| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Како да се заштитам од опасности |
| **Содржина на денот** | Како се станува специјален |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Весна Спасова |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Усвојаување на здрави и безбедни навики кога децата играат дома, во градинка и надовор. |
| **Активности** | Разговарајте со Вашите деца за безбедните начини на играње и однесување кога сте во домот, во градника и надовор. Користете ги постерите и сликичките кои ги изработивте од претходната дневна активност на истата тема.<br>Во продолжение разговарајте на тема „Кого треба да повикаме на помош кога се наоѓаме во опасност". Објаснете им на децата дека тоа се специјалните возила на Брза помош, Полиција и Пожарна. И секако луѓето кои треба да ни помогнат, а тоа се доктор, полицаец и пожарникар. За подобро децата да запомнат кажете им дека секое возило има специјален телефонски број, Брза Помош -194, Полиција- 192 и Пожарна- 193. Овие броеви децата треба да ги запомнат во случај да имаат итни потреби. За оваа активност да биде поинтересна може да им го прочитате драмскиот текст „ Како се станува специјален" од авторката Мира Ѓорѓиевска (користите ги сликите и текстот во прилог).<br>Потоа направете мал квиз за да дознаете што децата запомниле. Вие прашувајте, а децата нека одговараат. Повторете ги телефонските броеви на специјалните возила. Бидејќи на сите понекогаш ни е потребна помош објаснете им на децата дека е многу важно да ги запомнат броевите во случај да ни затребаат итно.<br>Како дополнување на оваа активност може да обликувате специјални возила од материјали за рециклирање кои ги имате во Вашиот дом. Готовите возила поставите ги на видно место за да може да се потсетите на бројот во случај да ви затреба!<br><br>Оваа активност од нашата Е - занимална може да ја погледнете на следниот линк.<br>https://www.youtube.com/watch?v=6AGjqQ3nB0A&t=4s |